Процедура за on-line гласање

за избор на претседател и членови на ФСС – Стоматолошки факултет - Скопје 2020/2021

Поради ситуацијата со COVID-19, овогодинешните избори за претседател и членови на ФСС - Стоматолошки факултет - Скопје ќе се одвиваат on-line. Стоматолошки факултет- Скопје, како и ФСС - Стоматолошки факултет - Скопје се залагаат за спроведување на легитимен и веродостоен избирачки процес. Во овој документ детално ќе биде опишан и објаснет избирачкиот процес:

1. Секој студент ќе добие електронска порака, во која ќе биде прикачен линк за пристап до гласањето. Линкот којшто ќе го добие секој студент на својата електронска адреса **ime.prezime@students.stomfak.ukim.mk** е уникатен и преку него може да се пристапи само еднаш. Со тоа се избегнуваат компликациите и можните изборни нерегуларности, како искористување туѓо право на глас и слично. На сликата е преставено како ќе изгледа електронската порака.

e-admin <e-admins@ukimfeit.onmicrosoft.com>
To:

Почитуван(а)

Поканети сте да учествувате на гласање за ФСС при СФ

Гласањето е насловено како:

"ФСС СФ Избори"

Ако сакате да учествувате, стиснете на долунаведената врска.

Искрени поздрави.

Линкот за гласањето ќе го најдете тука:
https://anketi.feit.ukim.edu.mk/index.php/165159?token=u8jwoAoatSnsezl7aBggwsN&lang=mk

2. Со кликнување на претходно наведениот линк, на екран ќе добиете слично на екранот прикажан подолу. Во полето наведено како “Token” не треба да се потполнува ништо. Тоа поле веќе автоматски е потполнето. Во полето каде треба да ја решите едноставната равенка, треба да се напише нејзиното решение. Ова поле служи чисто поради безбедносни причини и спречување на изборни нерегуларности.



3. Следно нешто што ќе ви се појави на вашиот екран е кратко известување за анонимноста на гласањето. Со овој дел се овозможува гласањето да е во целост тајно и анонимно.

4. Првото гласачко ливче е наменето за избор на Претседател. На избирачкото ливче ќе бидат наведени предложените кандидати. Може да се заокружи т.е даде глас само на еден кандидат.



5. Второто гласачко ливче е наменето за избор на членови од студиската програма Доктори по дентална медицина. На избирачкото ливче ќе бидат наведени предложените кандидати од I, II, III, IV и V студиска година. Може да се заокружи т.е даде глас на најмалку еден или најмногу шест кандидати.



6. Третото гласачко ливче е наменето за избор на членови од студиска програма Стручни забни техничари. На избирачкото ливче ќе бидат наведени предложените кандидати. Може да се заокружи т.е даде глас на најмалку еден или најмногу два кандидати.



7. Четвртото гласачко ливче е наменето за избор на членови од студиска програма Стручни стоматолошки сестри – орални хигиенолози. На избирачкото ливче ќе бидат наведени предложените кандидати. Може да се заокружи т.е даде глас на еден кандидат.



8. Петтото гласачко ливче е наменето за избор на членови од II и III циклус студии. На избирачкото ливче ќе бидат наведени предложените кандидати. Може да се заокружи т.е даде глас на еден кандидат.



Постои и можност да не гласате за кандидат т.е вашето ливче да е неважечко, така што нема да заокружите(обележите) ниту еден од понудените кандидати.

10. По завршување на гласањето ќе ја добиете следната порака.

11. Уште една потврда дека вашето гласање е успешно, е потврда што ќе стаса до вашата маил адреса по гласањето.



ЧПП

- Дали можам да гласам за сите години ?

-Да, секако. На Стоматолошки факултет - Скопје секој студент има право да одлучува кои ќе бидат претставниците од сите години, од прв циклус студии и од втор/трет циклус студии

- Доколку го отворам линкот за гласање и погрешка го исклучам, дали можам повторно да го искористам ?

-За жал не. Токму поради оваа причина треба да бидете внимателни при процесот на гласање.

- Дали можам да бидам сигурен дека моите лични податоци се заштитени ?

-Личните податоци при гласањето со сигурност се заштитени. Целиот систем на гласање е организиран, така што сечија приватност е заштитена. Секој глас е анонимен.

- На кој маил ќе пристигне линкот за гласањето ?

-Линкот за гласањето ќе пристигне на маил адресите ime.prezime@students.stomfak.ukim.mk